# КОНКУРС за стипендии

Врз основа на потпишаната Спогодба за соработка меѓу ЕВН Македонија АД, Скопје од една страна и Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола од друга страна се распишува конкурс за доделување стипендија за студентите на Техничкиот факултет-Битола, електротехнички отсек.

Со стипендирање на 1 (еден) студент, ЕВН Македонија ќе даде свој придонес и поддршка во едукација и оспособување на стручни и на квалитетни кадри од областа на енергетиката, и воедно ќе им се даде стимул на идните студенти за запишување на Техничкиот факултет-Битола.

Можност за пријавување за стипендија ќе имаат студентите запишани првпат, во I-ва, година, во учебната 2018/2019 година на електротехнички отсек.

Стипендијата е во висина од 6.000,00 денари месечно и се доделува за 10 (десет) месеци, со можност за продолжување или за прекин, во зависност од обврските пропишани во Договорот за стипендирање.

Изборот и селекцијата на кандидатите ќе го изврши Комисија за стипендирање.

**Обврски на корисникот на стипендијата:**

- Да достави потврда за редовен студент запишан во тековната година;
- Да достави Изјава дека не е корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија;
- Студиската година да ја заврши во рок и со просек не помал од 8.0;
- Други обврски пропишани во Договорот за стипендирање.

**Начин на аплицирање:**

Заинтересираните студенти е потребно:

- Да потполнат **апликација/прашалник** подготвен од страна на ЕВН Македонија АД,Скопје
- Да подготват Есеј на тема „Мојата иднина како електро инженер“

Документите се поднесуваат до Архивата на Техничкиот факултет-Битола најдоцна до **31.10.2019 до 12:00 часот**.